# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОВРЕДИ НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

## ОД ДОКУМЕНТИРАНИ СЛУЧАИ ВО КОАЛИЦИЈА МАРГИНИ

**ЗА ПЕРИОДОТ 1.2.2023 – 30.8.2023**

**ДРАГАНА ДРНДАРЕВСКА**
правна советничка, Коалиција Маргини

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија и Шведска. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Коалиција Маргини и во никој случај не ги одразува ставовите на Европската Унија и Шведска.

Во периодот од 1 февруари до 30 август 2023 година во „Коалиција Маргини“ се документирани 97 случаи на прекршување на правата, во кои има најмалку 119 жртви од различни заедници. Документирани се 14 случаи со неопределен број на жртви. Во 12 се работи за јавно искажан говор на омраза врз основа на род, сексуална ориентација и родов идентитет, еден случај е дискриминација во образованието и еден случај на дискриминација е регистриран во пристапот до добра и услуги.

Според етничката структура, 83 од жртвите се Македонци, 12 Албанци, 24 Роми и 1 е Србин. Ромите се жртви во случаите на повреда на права од областа на здравството, социјалната заштита, пристапот до добра и услуги, заштита од родово засновано насилство и други повреди на права од страна на државни органи. Во последната област се документирани случаи на повреди на правата од страна на Управата за матична евиденција поради несоодветно впишување на податоците во личните документи. Во овие случаи се работи за одолговлекување на постапките за промена на податоците, кои понатаму негативно влијаат врз стекнување на други права (социјална и здравствена заштита и родителски права). Расната дискриминација е документирана во здравството и во пристапот до добра и услуги, каде е документиран случај на расна дискриминација на базен. Во еден случај на родово засновано насилство кон Ромка е документирана расна дискриминација во постапувањето на полицијата, со коментари со кои се релативизира насилството и се заклучува дека нема поента да постапуваат, зашто жртвата пак ќе се смирела со насилникот. Вакво постапување кон Ромки жртви на родово засновано и семејно насилство постојано се документира во „Коалиција Маргини“. Во овие случаи полицијата постапува пристрасно, врз основа на расниот стереотип дека Ромите цело време „се тепаат, па се мират“. Ромките на ваков начин се дехуманизираат, нивните животи и тела не се сметаат за вредни за заштита, со што се сторува и афективна неправда, преку нееднакво уважување на нивното страдање како жртви на насилство. Во областа на здравството, исто така, се документирани случаи на расна дискриминација, како одбивање на брзата помош да дојде за постара Ромка, проследено со арогантен и насилнички однос на здравствените работници. Оттука, структурниот расизам е видлив преку различните форми на расна опресија како што се стереотипизација, дискриминација и микроагресии од страна на институциите и приватниот сектор, лишување од основни средства за живот, документирани преку повредата на правата од социјална заштита, дехуманизацијата и афективната неправда во здравството и при полициското постапување. Кон Ромките е видлива интерсекциска дискриминација поради припадноста на две




**Графикон 1: Документирани случаи по области**

маргинализирани групи, врз основа на раса и врз основа на род. Такви се случаите на одбивање заштита од РЗН, одбивање да се изврши абортус на 16-годишно девојче, погрешно впишување на лични податоци во отпусно писмо од гинекологија и при впишување на новороденче, неиздавање документи за редовно контролирана бременост.

По области, најголем број од случаите се родово засновано или семејно насилство (50 % или 48 случаи). Потоа е говорот на омраза (14 % или 13 случаи), здравството 10 %, областа на социјална заштита 8 % и полицијата со 7 %. Помал број случаи се документирани во областа „други повреди на права од државни органи“ (5 %), работни односи (2 %), насилство од омраза (1 %), образование (1 %) и друго (1 %).

Повторно, случаите во најголема мера се документираат од страна на правници, параправници, социјални работници, теренски работници и други вработени во граѓански организации, и тоа: „КХАМ“ Делчево, „Стар-Стар“, „Заедно посилни“, „ХОПС – Опции за здрав живот Скопје“, „ЕХО“ – Штип, „Организација на жените на Општина Свети Николе“, „Иницијатива на жени од Шуто Оризари“, „ТрансФорма“ и „Коалиција Маргини“. Во овој извештаен период е зголемен бројот на ЛГБТИ лица кои сами ги документираат случаите на повреди на права.

Најчесто пријавувани до надлежните институции се случаите на повреди на права од социјална заштита, јавно искажаниот говор на омраза и повредите на права од Управата за матична евиденција. Исто така, дел од случаите на родово засновано и семејно насилство се пријавени во полицијата, во центрите за социјална заштита, како и во надлежните судови, бидејќи се работи за документирани случаи од страна на здруженија кои обезбедиле правна помош за жртвите. Најмалку се пријавуваат случаите во здравството и повредите на правата од страна на полицијата, најверојатно поради страв од виктимизација кога станува збор за полицијата и поради недоверба дека институциите ќе постапат непристрасно и професионално.

Некоја форма на дискриминација е документирана во 43 случаи. Дискриминација е документирана во повеќе области – во здравството кон лица кои живеат со ХИВ, кон Роми и кон лица кои употребуваат дроги; во постапувањето на полицијата со Ромка жртва на семејно насилство; сексуално вознемирување на жени на Интернет, во работни односи и сексуално вознемирување на ЛГБТИ лица; вознемирување и говор на омраза засновани врз род, сексуална ориентација и родов идентитет; и дискриминација кон трансродови лица од страна на Управата за матична евиденција при спроведување на решенијата со кои се одобрува правно признавање на родот (промена на ознаката за пол во личните документи). Во однос на родовата структура, жртви се 15 мажи, 14 жени, 4 трансродови лица и 13 случаи на говор на омраза со неодреден број на жртви. Во однос на етничката структура, жртви на дискриминација се 23 Македонци, 4 Албанци и 6 Роми. Случаите на дискриминација ќе бидат дополнително прикажани во рамки на различните области.

Овој извештаен период е карактеристичен по зголемениот број документирани случаи на говор на омраза (13). Во 12 случаи се работи за говор на омраза заснован врз род, сексуална ориентација и родов идентитет во медиумите и на социјалните мрежи, а во еден случај говорот на омраза е заснован врз етничка припадност и тој се случува во областа добра и услуги. Оваа година сведочиме зголемено мобилизирање на антиродовото движење (.1), кое е главен генератор на говор на омраза кон ЛГБТИ луѓето. Во најголем дел од документираните случаи (11) се работи за говор на омраза од антиродови актери и нивни поддржувачи (.2). Во извештајниот период антиродовите движења се мобилизираа против Нацрт-законот за родова еднаквост и Предлог-измените и дополнувањата на Законот за матична евиденција, со кои се овозможува правно признавање на родот. Највлијателен и најгласен актер беше Македонската православна црква, која заедно со антиродовите здруженија организираше кампања преку серија трибини, бројни медиумски настапи, проекции на пропагандни филмови и протест пред Соборниот храм (.3). Медиумите главно некритички ги пренесуваа нивните пораки, со што овозможија, спротивно на Кодексот на новинарите, ширење на говор на омраза кон жени и ЛГБТИ лица (.4). Во еден случај се работи за говор на омраза на јавен простор преку стикери со пречкртано знаме со виножито низ Струмица. Во изминатиот период Струмица стана центар на антиродовите движења, бидејќи градоначалникот отворено даваше поддршка на нивните настани, присуствуваше во прв ред на трибините и се вклучи во нивната кампања. Во продолжение ќе бидат претставени неколку случаи на говор на омраза кои беа пријавени во соодветни институции, со цел да се даде приказ на институционалните практики во заштита од говор на омраза, и да се прикажат нивните недостатоци.

Во еден од документираните случаи се работи за говор на омраза од страна на отец Јаков Стобиски, кој во изминатиот период се профилираше како гласноговорник на антиродовото движење. Во своите настапи тој зборуваше за трансродовите луѓе и за „Коалиција Маргини“, како застапници за родовата еднаквост и правата на ЛГБТИ луѓето, како за штетни за општеството, семејството и децата, како болни, сатанисти, посланици на ѓаволот и сл. (.5). По пратена претставка, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека епископот Јаков Стобиски има извршено дискриминација во форма на вознемирување од член 10, став 1 од ЗСЗД, врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавното информирање и медиумите.

Комисијата утврди дека „Преку етикетирањето на трансродовите лица како лица кои ‘страдаат од ментално растројство’ и нивно поистоветување со педофилија, сатанизам итн., Јаков Стобиски сериозно го повредил нивното достоинство и создал непријателска и застрашувачка средина. Претставувајќи ја и зборувајќи за трансродовоста како за ‘епидемија на трансџендеризам’, ‘настраност’, ‘пореметување’ итн., тој тенденциозно, но и погрешно, ја претставил трансродовоста како болест и нешто штетно и заразно. Доколку повеќе, со ваквиот говор тој поттикнал понатамошна дискриминација кон овие лица и нивните поддржувачи, со тоа што предизвикал и охрабрил лавина реакции на социјалните мрежи во кои е содржан вознемирувачки говор кон ЛГБТИ лицата“ (.6). И покрај препораката да се извини, Јаков Стобиски с   уште се нема извинето, за што Комисијата треба да иницира прекршочна постапка против него.

Во друг случај се работи за статус на Фејбук на Драгана Спасевска, една од гласноговорничките на антиродовите движења, во кој прикажува наводно фотографија од вежба за рецепт за среќно семејство, на која се прикажани слики од истополови двојки и која наводно била дадена во основното училиште „Свети Кирил и Методиј“ во Општина Центар. Со фотографијата го објавува следниот текст: Домашна работа за I-во одделение во ОУ „Св. Кирил и Методиј“ Скопје – Центар. Ваква „грешка“ на наставник кој го дал ова работно ливче и не е баш грешка. Јетон Шакири министре! Кога веќе имате најава дека ќе вршите измени во законот за основно образование, тогаш веднаш да ги измените и членовите од законот во кој се вметнати термините кои се противуставни и без законска регулатива! Знаете добро за што зборувам! Секое полнолетно лице нека избере што сака и нека се определи како сака, но тој, па ни било кој друг нема право да го наметнува ова на НАШИТЕ ДЕЦА од најрана возраст! Семејството го сочинуваат МАЈКА И ТАТКО! МАЖ И ЖЕНА! БЕРЕТЕ УМ!. Статусот има околу 700 реакции, 320 споделувања и повеќе од 60 коментари, во најголем дел со експлицитен говор на омраза (.7), од каде што е видлив ефектот од објавата.

Овој статус го споделил директор на основно училиште во Прилеп, Ахил Јаков, на што допишал: „До развратните: Рецептот за среќно семејство го сочинуваат мајка, татко и деца (маж и жена)!!! Овие психо – развратени – неуротични – обратно згрешени работи како долу на сликата нема да ги учат нашите ученици!!!“. И двата случаи беа пријавени во КСЗД со посебни претставки. По претставката против Ахил Јаков, КСЗД утврди дискриминација во форма на вознемирување врз основа на сексуална ориентација (.8).

Случајот беше пријавен и во Државниот просветен инспекторат, бидејќи се работи за директор на основно училиште. Но наместо да постапи по претставката, ДПИ ја извести пријавителката дека КСЗД треба да постапува. Со ова ДПИ не постапува во согласност со Законот за основно образование, кој забранува дискриминација врз основа на сексуална ориентација и предвидува глоба. И покрај тоа што не се работи за дискриминација што се случува во училиштето, директорот јавно вознемирува ЛГБТИ лица, со што ДПИ има должност да испита каков е ефектот од овој статус во училиштето, што се случува на терен во ова училиште и на кој начин директор со отворено хомофобични ставови овозможува еднаков пристап до образование за ЛГБТИ учениците. Со овој случај се потврдува практиката на инспекторатот за непостапување во случаи на дискриминација, и покрај тоа што со новиот Закон за основно образование тој има експлицитна обврска да постапува и има надлежност да изрекува глоби за дискриминација.

Но Комисијата не утврди поттикнување дискриминација од страна на Драгана Спасевска. Во претставката е наведено дека сам по себе статусот на пријавената не претставува говор на омраза, но претставува поттикнување на дискриминација. Поттикнувањето на дискриминација е дефинирано како секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува или дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација (.9). Во расудувањето Комисијата не прави разлика меѓу вознемирување, говор на омраза и поттикнување дискриминација, иако и самот Закон и правната теорија ги разликуваат овие поими. Во Законот посебно се дефинирани поттикнувањето дискриминација и вознемирувањето. Говорот на омраза е дефиниран низ практиката на ЕСЧП, а Комисијата ги користи овие дефиниции и ги применува за поттикнување на дискриминација (.10). Во мислењето КСЗД наведува дека Драгана Спасевска не упатила невреди, исмевање и клеветење на ЛГБТИ луѓето, од каде не извршила поттикнување на дискриминација. Навреди, исмевање и клеветење се елементи на говор на омраза. За поттикнување дискриминација доволно е непосредно охрабрување, како во случајот. Станува збор за различни институти со различно значење, па оттука треба да се применат различни критериуми за да се спроведе Законот соодветно. Уште повеќе, Комисијата тврди дека не постои причинско-последична врска меѓу статусот и коментарите под статусот, од каде утврдува дека таа не е одговорна за коментарите. Причината било тоа што статусот бил упатен кон министерот за образование, а не кон ЛГБТИ заедницата, без притоа да се земе предвид дека со статусот Драгана Спасовска

бара од министерот да се скратат правата на заштита од дискриминација на ЛГБТИ луѓето во образованието и да не се прикажуваат нивните заедници како еднакви со хетеросексуалните. Оттука, ова мислење на Комисијата е непрофесионално, бидејќи се одликува со несоодветна примена на правни институти, нивно неразликување, како и сомнително и нелогично правно расудување. Во однос на антиродовите движења КСЗД е прилично реактивна, иако како тело за еднаквост треба да се истакне како еден од клучните актери кои се спротивставуваат на обидите за уназадување на родовата еднаквост и ЛГБТИ правата. Со ова мислење дополнително ја ослабнува и релативизира својата видливост во оваа област.

Во последниот случај станува збор за говор на омраза од страна на политичката партија Интегра на Фејсбук, на веб-страницата на партијата и преку соопштение во медиумите (.11). Интегра е член на мрежата на антиродови актери, т.н. Коалиција за заштита на децата. Со самото пренесување на ова соопштение без никаков коментар или осуда, интернет-медиумите А1.он, Нетпрес, Вечер.мк и 24инфо.мк, се сторители на говор на омраза, односно кривичното дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“. Во соопштението станува збор за експлицитен говор на омраза заснован врз сексуална ориентација и родов идентитет, кој треба да биде предмет на кривичноправна заштита. Случајот беше пријавен во основното јавно обвинителство, кое согласно сопствената пракса на непостапување во случаи на говор на омраза кон ЛГБТИ, ја отфрли кривичната пријава (.12). Во образложението, обвинителството провизорно му додава елементи на кривичното дело, надвор од дефиницијата од КЗ, со тоа што тврди дека е потребно делото да се врши со злоупотреба на положба или овластување, или поради делото да дојде до насилства и безредие спрема луѓе или до имотна штета од големи размери. Овие елементи на делото не се предвидени во основното дело од став 1, туку во ставот 3, со кој се прдвидува построга казна затвор од 1 до 10 години. Уште повеќе, обвинителството во образложението ги афирмира ставовите на Интегра со тоа што тврди дека пријавениот не повикува на дискриминација туку „најостро реагира и укажува на непримерниот притисок врз македонската јавност од страна на американската амбасада во полза на активностите на ЛГБТИ заедницата...“. Обвинителството постапува провизорно, непрофесионално и пристрасно, поддржувајќи ги хомофобичните ставови на Интегра, па оттука оваа институција не е во состојба да ги штити правата на ЛГБТИ луѓето како еднакви граѓани.

Насилство од омраза е документирано во еден случај, каде жртва е трансродова жена од рурална средина. Насилството се случило на јавен простор, сторителот излегол од возило и почнал со тупаници да ја тепа жртвата по главата затоа што му го попречувала патот. Притоа се заканил дека ќе ја убие доколку пријави во полиција, по што жртвата од страв не пријавила. Иако се работи за еден случај, тој јасно ја отсликува ранливоста на трансродовите жени на насилство, непристапноста на механизмите за заштита и бруталниот однос на околината кон нив.

| Видови повреди на права | | Род на жртви | | | Етничка припадност | | | | ХИВ | СР[13] | ЛУД[14] | Попреченост | Жртви на СН[15] | Дете | ЛГБТИ | Нема конкретни жртви | **Вкупно случаи** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Ж | М | Транс[16] | Мак. | Алб. | Ром. | Други | | | | | | | | | |
| 1 | Работни односи | 2 | | | 2 | | | | | | | | | | | | 2 |
| 2 | Здравство | 8 | 2 | | 4 | | 6 | | 3 | 1 | 3 | | | 1 | 1 | | 10 |
| 3 | Полиција | 4 | 4 | | 8 | | | | | | 7 | | | | 1 | | 7 |
| 4 | Образование | | | | | | | | | | | | | | | 1[17] | 1 |
| 5 | Социјални права и социјална заштита | 8 | 1 | | 2 | | 7 | | | | | 1 | | 1 | | | 8 |
| 6 | РЗН/СН | 52 | 19 | 5 | 62 | 10 | 3 | 1 | | 5 | 2 | | 52 | 27 | 17 | | 48 |
| 7 | Насилство од омраза | | | 1 | 1 | | | | | 1 | | | | | 1 | | 1 |
| 8 | Говор на омраза | | 2 | | | 2 | | | | | | | | | | 12 | 13 |
| 9 | Добра и услуги | 1 | | | | | 1 | | | | | | | | | | 1 |
| 10 | Други повреди на права од државни органи | 4 | 4 | 2 | 4 | | 6 | | | 1 | | | | 4 | 2 | | 5 |
| 11 | Друго | | 1 | | | | 1 | | | | | 1 | | | | | 1 |
| Случаи во кои има дискриминација | | 15 | 14 | 4 | 23 | 4 | 6 | | 3 | 3 | 2 | | 2 | 2 | 18 | 13 | 43 |
| **Вкупно** | | **79** | **33** | **8** | **83** | **12** | **24** | **1** | **3** | **8** | **12** | **2** | **52** | **33** | **22** | | |
| **Вкупно случаи** | | | | | | | | | | | | | | | | | **97** |
| **Вкупно жртви** | | | | | | | | | | | | | | | | | **119+** |

[13] Сексуални работници.
[14] Луѓе кои употребуваат или употребувале дроги.
[15] Директни и индиректни жртви (деца кои живеат во средина со насилство) на родово засновано насилство или семејно насилство.
[16] Трансродови и родово небинарни лица.
[17] Се работи за дискриминација врз основа на здравствен статус, кон луѓето кои живеат со ХИВ.

Во областа социјална заштита документирани се 8 случаи со 9 жртви, од кои 7 се Роми, а 2 Македонци. Според родовата структура, жртвите се 8 жени и едно дете. Во еден случај жртва е лице со попреченост и се работи за административни пречки за стекнување со правото на инвалидска пензија. Во сите случаи се работи за проблеми при стекнување на социјални права (детски образовен додаток, надоместок за туѓа нега, инвалидска пензија) и социјални услуги (сместување во центар за геријатриска нега) од страна на државни институции. Низ овие случаи повторно се видливи клучните недостатоци на системот на социјална заштита, како што се бавни постапки, оптовареност со голем број документи што маргинализираните групи граѓани тешко можат да ги прибават, непостоење на практика за прибавување документи по службена должност и погрешно утврдување на фактичка состојба од службите, што резултира со ускратување на правата од социјална заштита на лица на кои им се најпотребни. Во еден случај се работи за право на детски и образовен додаток за кој старателката на детето двапати аплицирала и дури после 3 и пол години, со помош на здружението „Иницијатива на жени од Шуто Оризари“, конечно се стекнала со правото. Службениците тврделе дека го изгубиле предметот, па повторно морала да аплицира со нови документи, а потоа повторно навремено да не добие решение. Исто така, документиран е случај во кој жртвата, претходен корисник на правото на надоместок за туѓа нега, добива негативно решение, иако нејзината здравствена состојба не е променета, ниту може да се промени.

Во областа здравство документирани се 10 случаи, во кои жртви се 6 Роми и 4 Македонци. По родова структура жртвите се 8 жени (едно женско дете) и 2 мажи. Документирани се случаи на дискриминација во здравството, 3 кон лица што живеат со ХИВ, 3 кон лица што употребуваат droги. Во овие случаи се работи за дискриминација сторена преку одбивање на здравствена услуга, отежнување на пристапот до здравствена услуга, издавање на лични податоци поврзани со здравствен статус и вознемирување. Во еден случај се работи за Ром, лице што употребувало дроги кое имало проширување на артерија и барало итен хируршки зафат. Првиот доктор што го прегледал му рекол да стане и да си оди без да му даде каква било услуга. Друг здравствен работник го вратил, по што го оперирале и го задржале во болница. После операцијата, докторот гласно се обратил на медицинскиот персонал со зборовите „Наркоманот одма да се испушти од болница!“. Потоа, кога отишол во истата болница на преврска, трет доктор му кажал да оди во која било друга болница на преврска, само не во оваа. Во друг случај се работи за жена, која употребува дроги и е сексуална работничка, која била одбиена од матичниот лекар.

Во третиот случај е документиран постоечкиот проблем со Клиниката за стоматологија, каде доколку видат Ф-11 дијагноза во здравствената книшка (дијагноза за опијатна зависност) бараат од пациентите да се тестираат за ХИВ и за хепатитис и да им ги прикажат резултатите. Во случаите кога жртви се лица кои живеат со ХИВ, се работи за два случаи на одбивање на услуга од страна на приватна здравствена установа и за еден случај во државна здравствена установа во која пациентот бил тестиран за ХИВ без да биде информиран за тоа и без да даде согласност; потоа одбивале да му дадат услуга, а на крај сепак му ја дале услугата, но го третирале нееднакво и го соопштиле неговиот ХИВ-статус на цела болница, вклучително и на пациентите. Во случаите на повреди на здравствени права во кои жртви се Ромки, станува збор за повреди на права при добивање гинеколошки услуги, како што се незаконска наплата, неодобрување на абортус на 16-годишно девојче (.18) и проблеми при прибавување на медицинска документација. Во случајот во кој се работи за неодобрување абортус на 16-годишно девојче, Ромка, се работи за бременост после 22. гестациска недела, за која Законот за прекинување на бременоста остава можност за прекин на бременоста поради тешки, лични, семејни, материјални и други прилики, како што се потешко нарушени брачни и семејни односи, постоење на асоцијални појави во семејството, тешки станбени услови, материјална необезбеденост, нарушување на здравјето на членови на семејството и бројот на децата во семејството (.19). Комисиите кои одлучуваа не ги земаа предвид далекусежните последици од малолетничката бременост и не го одобрија абортусот. Клучно прашање е дали комисиите ќе одлучеа на ист начин доколку стануваше збор за 16-годишна Македонка, или одлучија да не го одобрат абортусот бидејќи сметаат дека не е толку страшно ако малолетна Ромка роди дете, зашто и онака нема да го заврши образованието и да работи.

Документирани се 7 случаи на повреда на права од страна на полиција, со 8 жртви – 4 мажи и 4 жени, сите Македонци. Во 6 од 7 случаи се работи за лица кои рекреативно употребуваат дроги. Во 2023 година се донесоа измени на КЗ со кои, меѓу другото, членот 215 „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“ се дополни со став 6 кој гласи: „Нема да се казни тој што поседува наркотични дроги и психотропни супстанции за лична употреба“. Доколку претходно на полицијата и на обвинителството не им беше јасно дека не треба да го користат членот 215 за неосновано да прогонуваат лица кои употребуваат дроги, наместо оние кои продаваат, со додавањето на овој став требаше да им се разјасни. Но практиката покажа дека органите на прогон не планираат да се променат и да почнат да го почитуваат Законот.

Па така, во 6 случаи е документиран кривичен прогон или обид за кривичен прогон на лица кои рекреативно употребуваат дроги, кај кои била пронајдена мала количина за лична употреба (на пр., 0,5 грама канабис, 0,2 грама амферамин, 2 таблети, една цигара со канабис) и кои биле задржувани во полициски станици само поради тоа што некоја супстанција била пронајдена кај нив, без докази дека продавале или произведувале. Во најголем дел од случаите се работи за лица кои дошле во контакт со полиција во ноќни клубови, на забави и музички фестивали. Освен што не постапуваат во согласност со Законот, во овие случаи полициските службеници се служат со закани и манипулации кон лицата, ги доведуваат во заблуда или погрешно ги информираат, с   со цел да изнудат признание дека пронајдената количина е нивна, да кажат од кого купиле и слично.
На почетокот на јули полицијата спроведе акција на Д фестивал во Дојран, за што извести дека „биле лишени од слобода 20 лица, од кои 1 грчки државјанин, кај кој при преглед била пронајдена разновидна дрога“ (.20). Притоа се работи за заедничка акција на полициски службеници од Секторот за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи при Одделот за криминалистичка полиција, во координација со Секторот за внатрешни работи Струмица и Единицата за недозволена трговија со дрога при СВР Скопје. МВР не даде информација колкава количина била пронајдена од кои видови дрога. МВР троши ресурси на повеќе оддели за да се пресмета со млади луѓе кои немаат претходно криминално досие и кои отишле на музички фестивал за да се одморат, да се дружат и да слушаат музика, ги прекршува нивните процесни права, ги малтретира, вознемирува и ги криминализира. Според МВР, ваквите акции имале за цел превенирање на недозволената продажба и употреба на наркотични средства меѓу младите, како најчести посетители на ваков тип музички манифестации. Оттука, ваквите дејствија на МВР се нецелисходни, бидејќи во националните политики за дроги и во секое поново упатство на темата е наведено дека превенцијата од употреба на дроги треба да се спроведува преку едукација, точно информирање, психо-социјална поддршка на младите, со образовни програми и јакнење на вештините за одговорно однесување и донесување на правилни одлуки.
Во областа на работничките права, документирани се два случаи. И во двата жртви се жени. Во едниот случај се работи за неисплаќање на ноќна работа и прекувремена работа, а во другиот случај за мобинг и неисплаќање на плата во согласност со договор.

Во образованието се работи за случај на дискриминација врз основа на здравствен статус со неопределен број жртви. Водичот за студенти од странство на УГД Штип, во списокот на потребни документи наведува лекарско уверение кое вклучува тест за ХИВ и за хепатитис. КСЗД утврди дискриминација по претставка на „Заедно посилни“, по што Водичот е повлечен.
Во областа други повреди на права од државни органи документирани се 5 случаи со 10 жртви, од кои 6 Роми, 4 Македонци. Од нив 4 се деца, а 2 се транслица. Во случаите каде жртви се транслицата се работи за ненавремено спроведување на решенијата со кои се одобрува правно признавање на родот од страна на Управата за матична евиденција и/или од Министерството за внатрешни работи. Во едниот случај, покрај кусите рокови од по 3 дена (вкупно 9 работни дена) во кои треба да постапат институциите, лицето успеа да добие извод со впишани нови податоци за 6 месеци од правосилноста на решението. Постапките за правно признавање на родот, поради недостаток на законска рамка, се неизвесни и долги. Но откако овие постапки успешно ќе завршат, државните органи продолжуваат со провизорноста, дискриминаторскиот третман и ненавремено ги извршуваат решенијата изложувајќи ги трансродовите лица на дополнителен стрес и понижување.
Во два од документираните случаи станува збор за повреди на родителски права како последица од неправилно впишување на податоците на децата во матичната евиденција. Во едниот случај се работи за Ром, татко на три малолетни деца, чија партнерка починала. Бидејќи биле во вонбрачна заедница, службениците не го впишале таткото, туку без да ја прашаат или правилно да ја информираат мајката за постапката за впишување новороденчиња во матичната евиденција во случај на вонбрачна заедница, запишале: татко – непознат. По починувањето на мајката, Центарот за социјална работа сака да му ги одземе децата и да ги смести во некоја форма на згрижување на деца без родители, притоа без да го земе предвид исказот на таткото. По добивање на правна помош и психо-социјална помош од „КХАМ“ Делчево, ЦСР го назначува таткото за старател на децата додека да се заврши вонпроцесната постапка за стекнување на родителското право. И во овој случај се поставува прашањето дали службите за матична евиденција ќе впишеа во графата „татко – непознат“ доколку стануваше збор за Македонци и/или за лица од повисок социјален статус, или во тој случај соодветно ќе ја информираа мајката за постапката за впишување на деца во матична евиденција во случај на вонбрачна заедница. Оттука, сторена е дискриминација врз основа на брачен статус, но во провизорното постапување на службите за матична евиденција, без должно внимание, можно е да има апекти и на расна дискриминација.

Во вториот случај се работи за Ромка, 13-годишно девојче кое с уште не е евидентирано во Управата за матична евиденција. Одејќи да се породи, мајката по грешка ја зела здравствената книшка на сестра си. Кога видела дека е направена грешка, им кажала на здравствените работници, но тие не ја зеле предвид нејзината изјава и без да побараат лична карта, само врз основа на податоците од здравствената легитимација, дале отпусно писмо од болницата на име на сестра . Пред 5 години почнала постапката за евиденција пред Управата; по проверките најпрво тврделе дека немаат таков предмет, потоа давале различни информации, за на крај, откако добила параправна помош од „Иницијатива на жени од Шуто Оризари“, конечно да ја впишаат, но со името на тетката во графата за мајка. Поради негрижа, провизорно постапување без должно внимание од страна на здравствените работници, семејството ќе води вонпарнична постапка за правилно да се утврди родителското право. И во овој случај има аспекти на расна дискриминација, бидејќи е многу поверојатно Ромка да биде третирана со игнорирање, негрижа и недоверба за разлика од други пациентки.

## Родово засновано и семејно насилство

Документирани се 48 случаи на родово засновано и семејно насилство со 76 жртви, од кои 52 жени, 19 мажи (од кои 17 геј-мажи) и 5 трансродови лица. Од 76 жртви, 27 се деца кои директно или индиректно се жртви на семејно и родово засновано насилство. Сторителите на насилството се мажи (45) и жени (3). Жените се сторители во случај на економско насилство (неплаќање издршка), психолошко насилство (закани и вознемирување) и вознемирување кон ЛГБТИ лица. Според етничката структура, жртвите се 62 Македонци, 10 Албанци, 3 Роми и 1 Србин.

**Графикон 2: Род на жртви и на сторители на РЗН/СН**



Од 48 случаи, во 29 случаи станува збор за семејно насилство во брачни или во вонбрачни заедници. Во два од случаите жртви се ЛГБТИ лица. Во овие случаи најчесто се работи за жени кои се жртви на секаков вид насилство. Најчесто жртвите пријавуваат физичко, психолошко и економско насилство, додека сексуалното насилство не е пријавено во ниту еден случај, најверојатно поради срам, стигма и негово непрепознавање како насилство. Најчесто се работи за жени кои со години трпат насилство, по што конечно се одлучиле да побараат помош од некое здружение. Во случаите каде ЛГБТИ лица се жртви на семејно насилство, во едниот случај се работи за трансродва жена жртва на физичко, психолошко и економско насилство од страна на партнерот. Во друг случај, жртвата е бисексуална жена која се соочила со закани и психолошко насилство од страна на поранешниот сопруг, меѓу другото и поради сексуална ориентација. Сторителот ги информирал поширокото семејство, пријателите, работодавачите и децата дека жртвата е „лезбејка“, се заканувал и ја демнел.

Карактеристично во овој извештаен период е документирањето на економското семејно насилство. Економското насилство се дефинира како секое дело или однесување кое предизвикува економска штета на поединецот. Економското насилство може да биде во форма на имотна штета, на пример, ограничување на пристапот до финансиски средства, образование или пазарот на труд или непридржување кон финансиските обврски (одбивање финансиски да се придонесе во домаќинството), како што е неплаќање алиментација или издршка (.21). Во согласност со законската рамка, родителите имаат обврска финансиски да ги издржуваат своите деца, а брачниот другар има обврска да го издржува другиот брачен другар кој не може да го прави тоа. Неплаќањето издршка е кривично дело (.22). Документирани се 8 случаи на економско семејно насилство, во кое освен жените и еден маж, жртви се и децата. Во сите случаи се работи за неплаќање издршка за децата за која има судска одлука, а во два случаи, каде партнерите с уште живеат во исто домаќинство, се работи и за одбивање да се подмират финансиските обврски во домот. Во два од случаите, поранешните партнери им се заканувале на жртвите дека, доколку инсистираат на плаќање на издршката, ќе им ги „земат децата“, т. е. ќе поднесат барање за промена на решението за старателство. Иако нема поврзаност меѓу двете постапки, жртвите се заплашени од овие закани и не ги пријавуваат сторителите во обвинителство. Само два од овие случаи се пријавени во обвинителство, а сторителите имаат условна осуда. Во едниот случај, сторителот е двапати пријавуван и двапати последователно судот условно го осудува за истото дело, наместо поради повторување на делото да се изврши затворската казна. Со ова судот постапува спротивно на КЗ, ги штити интересите на сторител на економско насилство кон малолетно дете и го мотивира да продолжи со неплаќањето.

Во 4 случаи се работи за сексуално вознемирување на социјални мрежи, во два жртви се цисродови жени, во еден трансдевојче и во еден геј-маж. Во еден случај насилникот почнал да се заканува дека ќе објави приватни фотографии на жртвата доколку таа одбива да се сретне со него и одбива да му прати уште слики. Во случајот во кој жртва е геј-маж, група млади мажи го снимале без согласност, му довикувале навреди поради сексуалната ориентација и го објавиле видеото на ТикТок. Но случајот не се пријавил во полиција поради немањето поддршка за пријавување од семејството. Во еден случај жртвата, жена, добивала пораки со сексуална конотација и навреди, по што случајот го пријавила во полиција. Во полиција кажале дека не можат да постапат затоа што во пораките немало закана за живот. Во 2023 година се донесоа измени на КЗ со кои се криминализираше сексуалното вознемирување онлајн, но полицијата не го препозна дејствието како кривично дело и не ја заштити жртвата.
Во два случаи е документирано сексуално вознемирување на работно место кон жени. Во еден случај жртвата била сексуално вознемирувана од колега, а во другиот жртвата била вознемирувана од страна на соработници. Случаите не се пријавени кај работодавач, туку жртвите се задоволиле со тоа што вознемирувањето прекинало.
Во документираните случаи 5 сексуални работнички се жртви на родово засновано насилство. Во овие случаи станува збор за родово засновано насилство во форма на сексуално, вербално и психолошко насилство од страна на клиенти и трети лица кои се движат на отворена сцена и ги малтретираат сексуалните работнички. Еден случај е пријавен во полиција, но наместо да ја заштитат сексуалната работничка од насилство, полициските службеници побарале да му ги врати парите на клиентот насилник и не презеле никакви дејствија против него.
Во 9 случаи се работи за сексуално вознемирување, вербално и психолошко насилство кон ЛГБТИ лица, и тоа 7 кон геј-мажи, 1 трансжена и 1 лезбијка. Насилството се случува на јавни простори, како улици, кафулиња, банка и слично. Во овие случаи има и елементи на насилство од омраза. Најчесто станува збор за довикување, навредување и закани на јавен простор поради сексуална ориентација. Во еден случај се работи за насилство од страна на такси-возач, кој на клиентот, геј-маж, му кажал „Да бев на власт имаше да ве соберам сите таквите и директ на полоштад на стрелање“. Документирани се и 4 случаи поврзни со специјалниот простор „Комитет“, каде што се одржуваат настани за ЛГБТИ заедницата, раководен од ЛГБТИ Центарот за поддршка. Во овие случаи се работи за закани и навреди од страна на трети лица кон гостите и персоналот на „Комитет“. Во еден случај трето лице навредувало вработен геј-маж, се заканувало со насилство и го демнело вработениот. Случајот е пријавен во полиција, но од јуни досега нема повратна информација за преземени дејствија од страна на МВР.
Само во 15 од документираните случаи е пријавено семејно или родово засновано насилство, од кои 6 во МВР, 4 во центри за социјална работа и 5 и во двете институции. Во случаите на семејно насилство, жртвите го пријавуваат само ако има и потешки облици на физичко насилство, во спротивен случај бараат правна помош само за развод на бракот и во постапките за одлучување за старателство над малолетни деца. Во пријавените случаи се документирани и пропусти при постапувањето на надлежните органи.

**ЦСР пробал да ја помири со насилникот откако тој ја нападнал со секира**

Во овој случај жртвата речиси 20 години трпи секаков вид насилство од сопругот. Во последно време се зачестило физичкото насилство, а колуминирало со напад со секира. Жртвата, уплашена за својот живот, конечно го пријавила во полиција и избегала од домот, кај својот полнолетен син. Полицијата не презела дејства, па сопругот почнал да ја демне и да се заканува. Потоа повторно го пријавила во полиција, каде кажала дека не сака сопругот повеќе да ја вознемирува и да се приближува. Полицијата го информирала Центарот за социјални работи, кој свикал средба за мирење меѓу жртвата и сторителот „поради поплака“ од страна на жртвата. Институциите, наместо да поднесат предлози за итни или правовремени мерки за заштита од насилство, му излегуваат во пресрет на сторителот и свикуваат средба за помирување. МВР нападот со секира, демнењето и заканите ги третира како поплака, наместо да поднесе кривична пријава и кривично да го гони сторителот.

Дел од документираните недоследности во постапувањето во случаите на родово засновано и семејно насилство се ненавремено постапување, неиздавање на потребни документи, непостапување по службена должност, релативизирање на насилството, обиди за мирење на насилникот со жртвата дури и во сериозни случаи на физичко насилство, неземање предвид дека таткото е сторител на семејно насилство при одлучување за старателство и за средби со малолетните деца.

Во еден случај, поранешниот партнер се заканувал со насилство по телефон, по што дошол во домот на жртвата, жена што употребува дроги. Жртвата веднаш повикала полиција, која дошла 4 часа по пријавата. Во домот на жртвата сторителот извршил физичко, вербално и психолошко насилство кон неа, кое траело 4 саати. Кога дошла полицијата, ги прашала зошто толку доцнат, на што одговориле дека треба да биде среќна што воопшто дошле. Дала изјава на полицијата и извадила медицинска документација за повредите, кои потоа сама ги однела во полициска станица. За неколку дена отишла во истата полициска станица за да извади потврда дека пријавила семејно насилство, во случај да се одлучи да пријави во Центар за социјална работа за да побара предлагање на привремени мерки за заштита. Од полициската станица кажале дека немаат евидентирано таков случај.

Во друг случај, после развод на брак поради семејно насилство, Центарот за социјални работи донел мислење дека детето треба да се довери на таткото, сторител на семејно насилство. После жалби и реакции од страна на жртвата, Центарот донел ново мислење, со кое со времена мерка го доверува детето на мајката, а го задложува таткото да плаќа издршка која тој не ја плаќа. Од овие случаи може да се заклучи дека Центарот, наместо да постапува согласно најдобриот интерес на детето, постапува во согласност со притисокот што ќе го направат родителите според нивните интереси, не земајќи го предвид семејното насилство.

Документирани случаи по место на случување

Најголем број од случаите се настани кои се случиле во Скопскиот Регион (36), потоа во Пелагонискиот (17) и во Источниот Регион (13). Во Југоисточниот Регион има 9 случаи, 6 во Вардарскиот и помал број во Североисточниот (2) и Југозападниот Регион (1). Распределбата на случаите по региони се должи на активностите на здруженијата на граѓани, правниците и параправниците. Сите случаи на повреда на здравствени права се од Скопскиот Регион, поради централизираноста на здравствените услуги во Клиничкиот центар. Повредите на социјалните прва се во најголем дел од Скопскиот и од Источниот Регион поради активноста на здруженијата „Иницијатива на жени на Шуто Оризари“ и „КХАМ“ Делчево. Случаите на родово засновано и семејно насилство се документирани во Скопскиот, Вардарскиот, Источниот и Пелагонискиот Регион, каде здруженијата нудат услуги за правна и психо-социјална помош.

**Табела 2: Случаи според видови повреди на права и распределба по региони**

| Видови повреди на права | | Региони | | | | | | | Медиуми/ социјални мрежи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Југозападен | Источен | Скопски | Пелагониски | Вардарски | Југоисточен | Североисточен | |
| 1 | Работни односи | | | 1 | | 1 | | | |
| 2 | Здравствена заштита и здравствено осигурување | | | 9 | 1 | | | | |
| 3 | Полиција | 1 | | 2 | | 2 | | 2 | |
| 4 | Социјални права и социјална заштита | | 3 | 3 | | | 2 | | |
| 5 | РЗН/СН | | 6 | 17 | 16 | 3 | 2 | | 4 |
| 6 | Образование | | 1 | | | | | | |
| 7 | Говор на омраза | | | 1 | | | 3 | | 9 |
| 8 | Насилство од омраза | | | | | | 1 | | |
| 9 | Добра и услуги | | | 1 | | | | | |
| 10 | Други повреди на права од државни органи | | 2 | 2 | | | 1 | | |
| 11 | Друго | | 1 | | | | | | |
| **Вкупно по региони** | | **1** | **13** | **36** | **17** | **6** | **9** | **2** | **13** |
| **Вкупно** | | | | | | | | | **97** |

## Родова структура на жртви на повреди на права

Графикон 3: Род на жртви на повреди на права од документирани случаи




Во документираните случаи жртви се 79 жени, 33 мажи, 8 трансродови лица, од кои 33 се деца. За разлика од претходните извештајни периоди, децата не се само жртви како сведоци на семејно насилство, туку документирани се случаи во кои се директни жртви на економско насилство поради неплаќање издршка. Децата се директни жртви при несоодветно спроведените постапки за одлучување за старателство и средби, каде се документирани проблеми во однесувањето и нарушување на менталното здравје на децата. Повреди на првата на децата се документирани и во други области. Во здравството, со неодобрување на абортус на 16-годишна Ромка; од страна на Управата за матична евиденција при несоодветно впишување на децата; и трансродово дете жртва на психолошко насилство. Во голем дел од овие случаи сторители на повредите се државни органи. Центрите за социјална работа, кои треба да бидат клучен орган за заштита на детските права, се нивни најчести прекршители. При одлучувањето тие го немаат предвид најдобриот интерес на детето, со што не покажуваат разбирање и сензибилитет за ефектите што нивните одлуки ги имаат за добросостојбата на детето. Децата, зависно од возраста, се многу почувствителни на трауматски искуства, особено ако се поврзани со семејството, т. е. со лицата во кои треба да имаат најмногу доверба дека ќе ги заштитат. Овие искуства оставаат трајни последици, неповолно го обликуваат развојот на детето и создаваат пречки за понатамошен успех.

Жените преовладуваат како жртви во случаите во сите области, а особено како жртви на родово засновано и семејно насилство. Мажите се жртви на повреди на права во областа здравство, полиција, повреди на права од други државни органи, а геј-мажите во случаите на родово засновано насилство. Трансродовите луѓе се најчесто жртви на родово засновано насилство, повреди на права од државни органи (Управа за матична евиденција) и еден случај на насилство од омраза.

# ПРЕПОРАКИ

- Промена на практиката на полицијата и на јавното обвинителство со цел прекинување на кривичниот прогон на луѓе кои употребуваат дроги и кривично гонење само врз основа на пронајдена мала количина дроги

- Зајакнување на капацитетите на центрите за социјална работа и на полицијата во случаите на родово засновано насилство и доследно спроведување на измените на КЗ во однос на сексуалното насилство, сексуалното вознемирување и демнењето

- Јакнење на капацитетите на Државниот просветен инспекторат за заштита од дискриминација и насилство во образованието и внесување измени и дополнувања во законската рамка во образованието од аспект на превенција и заштита од дискриминација и родово засновано насилство

- Континуирана формална и неформална едукација на здравствените работници за ХИВ, сензибилизација за работа со луѓе кои употребуваат дроги и превенција од расна дискриминација

- Јакнење на капацитетите за доследна примена на измените од Кривичниот закон за усогласување со Истанбулската конвенција од страна на полицијата и обвинителството

- Реформи на Законот за полиција и на подзаконските акти, со цел усогласување со Истанбулската конвенција и донесување на детални упатства за постапување во случаите на родово засновано насилство, насилство од омраза, говор на омраза и постапување со маргинализирани заедници

- Зајакнување на капацитетите на центрите за социјална работа за заштита на детските права и постапување во согласност со најдобриот интерес на детето

# ПРЕПОРАКИ

- Спроведување на задолжителни обуки за социјални работници за примена на Конвенцијата за правата на детето и засилена контрола над нивната работа во областа на детска заштита

- Зајакнување на капацитетите на обвинителството за кривичен прогон на случаите на говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет

- Зајакнување на механизмите за надзор над институциите при постапувањето во случаите на родово засновано насилство

- Проактивна улога на Комисијата за заштита од дискриминација во одговорот кон антиродовите движења, со цел афирмација на родовата еднаквост и на правата на ЛГБТИ луѓето

- Промена на практиката на системот за социјална заштита со цел прибавување на потребни документи за овозможување на социјалните права и услуги по службена должност

- Усвојување на Предлог-измените на Законот за матична евиденција, со цел овозможување брза и транспарентна постапка за правно признавање на родот заснована врз самоопределување

- Афирмација на родовата еднаквост и на правата на ЛГБТИ луѓето преку унапредување на законодавството и на неговата примена, како и подигање на јавната свест кај општата популација и кај донесувачите на одлуки

(.1)  Дрндаревска, Д. „Кампањите против родова еднаквост и ЛГБТИ права се израз на религиозен екстремизам“. 11.7.2023, Институт за медиуми и аналитика. Достапно тука.
(.2) „Антиродовите движења се сочинети од антиродови актери кои имаат различни карактеристики во зависност од временскиот и географскиот контекст на нивното дејствување. Во литературата, тие се често поделени во три групи: стари, нови и сојузници (Kuhar & Paternotte, 2017). Кога се зборува за старите антиродови актери, се мисли на Католичката црква и на десничарските институти најчесто од САД. Новите актери се оние што денес го сочинуваат транснационалното антиродово движење, како и националните и локални негови рефлексии. Најголем дел од вториве се претставуваат себеси како „загрижени родители“ или „загрижени граѓани“, користејќи заеднички јазик и визуелен идентитет. Во сојузници, пак, влегуваат одредени поддржувачи од академијата, политиката, медиумите итн.“ Цветковиќ, И., Величковска, М. (2022), „Кој се плаши од родот? Анализа на клучните стратегии и наративи на антиродовите движења во Северна Македонија“, Скопје: Коалиција Маргини. Достапно тука.
(.3) Трајаноски, Ж. „Антиродовите дезинформации и протестот на МПЦ-ОА“. 11.8.2023, Институт за медиуми и аналитика. Достапно тука.
(.4) Трајаноски, Ж. „Злоупотреба на медиумите за ширење дискриминација и говор на омраза врз основа на род и родов идентитет“. 7.8.2023, Институт за медиуми и аналитика. Достапно тука.
(.5) Тема на денот со Јаков Стобиски, 22.3.2023, Сител ТВ. Достапно тука.
(.6) Соопштение „КСЗД утврди дека Епископ Јаков Стобиски треба да се извини за сторено вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет врз ЛГБТИ заедницата“, 26.6.2023, Коалиција Маргини. Достапно тука.
(.7) Дел од коментарите се: Сатанисти; Уште во I одд., перење мозоци! Изроди!; Некој се труди да ја уништи главната клетка на ова општество. Изроди; Ма све по списку што е новоизмислено треба да се запали; Овие книги под итно треба да се запалат и да се стави точка на едно вакво силување на нашите деца!; Се тера američка болна пропаганда; Ме фаќа мачнина во желудникот, уште малку и ќе ги убедуваат децата дека мажите ќе раѓаат, истополовите бракови се нешто нормално... П.С. Како ќе изгледа настава каде маж кој се чувствува како жена е наставник??? Со брада, фустан, штикли ќе им предава на учениците; Што е оваааа? Гилотина е спас, друго чаре немаааа.; Види мал...ни виа треба под итно на кладиво на сред плоштад и тиа шо ги пишел овие книги и тиа што дозволил да се печатат.; Ќе н   стигне некое проклетство и ќе исчезни човечкиот род!
(.8) Мислење на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација бр. 08-339/5 од 5.6.2023
(.9) Член 9, Закон за спречување и заштита од дискриминација.
(.10) Мислење на Комисијата за заштита од дискриминација бр. 08-356/4 од 6.7.2023.
(.11) „Интегра: Непримерен притисок врз јавноста со ЛГБТ+ медиумски кампањи“, Нетпрес, 11.4.2023. Соопштението е достапно тука.
(.12) Решение на ОЈО КО бр. 1225/23 од 12.6.2023 по Кривична пријава од Хелсиншки комитет.
(.13) Сексуални работници.
(.14) Луѓе кои употребуваат или употребувале droги.
(.15) Директни и индиректни жртви (деца кои живеат во средина со насилство) на родово засновано насилство или семејно насилство.
(.16) Трансродови и родово небинарни лица.
(.17) Се работи за дискриминација врз основа на здравствен статус, кон луѓето кои живеат со ХИВ.
(.18) „Иницијатива на жени на Шуто Оризари“ детално овозможи услуги и детално известуваше за овој случај. Повеќе информации достапни тука.
(.19) Член 4, став 1, точка 4 и член 4, став 2, Закон за прекинување на бременоста.
(.20) Извадок на дел од дневни настани 03.07.2023 на МВР, достапно тука.
(.21) Дефиниција од Европскиот институт за родова еднаквост. Достапно тука.
(.22) Член 202 од КЗ.

Проектот е финансиран
од Европската Унија

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија и Шведска. Содржината на публикацијата е единстена одговорност на Коалиција Маргини и во никој случај не ги одразува ставовите на Европската Унија и Шведска.